





# М Б А

Идејата за организирање на изложбата (е)МБ(е)А, всушност, не е со најнов датум, туку, веќе со неколкугодишно подзачмаено созревање и (за среќа) не стана толку бајата за да биде потисната и заборавена. Поттикот да се промовира активност на заедничко претставување како група МБА (Маријета Сидовски, Ангел Коруновски и Беди Ибрахим) која понатаму од време–на време ќе делува на нашата ликовна сцена, се разбира, најпрвин најдиректно е поврзан со личниот став, благонаклонетост и респект кон секој поединечно од наведените автори. Но, од друга страна, исто така, професионалниот интерес за откривање и толкување на одделните појави во уметноста кај нас како и логичноста од презентирање на таквите согледби, беше привлечен од нивната очигледна естетска поврзаност и непосредни аналогии во креативниот лабораториум. Изборот на името под кое настапува групата, извлечено од иницијалите на авторите, всушност има нескриена намера (на потписникот на овие редови) да асоцира на елитната кошаркарска лига (НБА) како синоним за врвни резултати. Коинциденцијата е добредојдена бидејќи уште во самиот старт недвосмислено го дефинира настојувањето да се заокружи еден специфичен концепт, да се издвојат најрелевантните претставници и истовремено да се сугерира нивото на уметнички дострели, но потфатот би бил за еднократна употреба ако не е поткрепен со остварувањата кои оставиле сопствен белег во милјето на досегашната ликовна продукција. Доволно е барем малку да се познава опусот на овие автори за да се препознаат повеќе аспекти на нивна взаемна поврзаност во изразот. Потрагата по нова духовност им е заеднички именител со носталгична интонираност, а појдовниот креативен импулс најчесто е содржан во извлечените од заборав впечатливи фрагменти со напластена патина. Притоа, кодовите на поднебјето се нераскинлив внатрешен двигател на креативниот крвоток. Старите отфрлени, но магично привлечни дребулии кои ја изгубиле својата функционална и употреблива вредност се лајт мотивот за отелотворување на внатрешниот свет во автентична уметничка форма, остварувајќи повеќеслојна пластично растреперена и мобилна структура. Карактеристичен е стремежот за пречистен, рафиниран и одмерен ликовен ракопис кој го мотивира говорот на материјалот низ детска омаеност и сведеност на игра. Перфекцијата во пристапот, суптилноста, префинетоста и едноставноста овозможуваат нежна милозвучна илузија која поседува својства да ги разбуди и останатите сетила.

*Гоце Божурски*







***Марије̄та Сидовски*** е родена 1973 г. во Нови Сад, Србија. Дипломирала сликарство со конзервација на ФЛУ во Скопје во класата на Д. Перчинков, а сега е на постдипломски студии на на Факултетот за применета уметност во Белград (Србија) на одделот за конзервација и реставрација. Имала дваесет и девет самостојни, а учествувала на голем број групни изложби. Добитник е на една национална и меѓународна награда.

  

***Ибрахим Беди*** е роден 1959 г. во Скопје. Дипломирал на ФЛУ во Скопје 1985 г. на одделот за скулптура каде што 1999 г. ги завршил и постдипломските студии. Од 1985 г. до 1989 г. бил член на групата „Зеро". Имал осумнаесет самостојни, а учествувал на голем број групни изложби. Добитник е на три национални и меѓународни награди. Работи како вонреден професор на ФЛУ во Скопје.







***Анѓел Коруновски*** е роден 1979 г. во Велес. Дипломирал на ФЛУ во Скопје во 2003 г. каде што е и на постдипломски студии. Имал пет самостојни, а учествувал на повеќе групни изложби. Автор е на неколку монументални споменици и добитник е на неколку национални награди.

Дом на културата „Драги Тозија“, Ресен
Одговорен уредник: Панде Кацкаровски
Концепт и текст: Гоце Божурски

14–25 декември 2009